Република Северна Македонија
Општина Охрид
Единица на локална самоуправа
Бр. 09-8226/2
24.09.2021
Охрид

ОПШТИНА СТРУГА
KOMUNA E STRUGËS
Бр. 03-3171/2
22.09.2021
СТРУГА STRUGË

Охрид, 22 септември 2021 година

МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕБРЦА
"ГРАДОНАЧАЛНИК"
Бр. 03-1704/1
04.10 2021 год.
БЕЛЧИШТА

**Заедничка изјава за поддршка на повторното прогласување на Охридското Езеро за Споменик на природата**

Со оваа изјава, општините Охрид, Струга и Дебарца, претставувани од Константин Георгиевски, градоначалник на Охрид, Рамиз Мерко, градоначалник на Струга и Зоран Ногачески, градоначалник на Дебарца, заеднички ја изразуваат својата поддршка за повторното прогласување на Охридското Езеро како споменик на природата.

Сите три општини подеднакво се обврзуваат да ја поддржат заштитата на езерото, проактивно да учествуваат во структурата за управување со заштитеното подрачје и да се придржуваат и да ги спроведуваат прописите и приоритетите кои се однесуваат на заштитата на езерото, а се наведени во Студијата за валоризација на Охридското Езеро.

Општините, исто така ја искажуваат својата заложба за давање силна поддршка на процесот на повторно прогласување кој ќе биде спроведен во согласност со Законот за заштита на природата на Република Северна Македонија и ја изразуваат својата силна решителност и институционална кохезија во насока на заштита на извонредните природни вредности на Охридското Езеро.

Уште повеќе, како поддршка на процесот на повторно прогласување, Општините се согласуваат Општина Охрид да ја презентира Студијата за валоризација на Охридското Езеро до Советот на Општина Охрид за одобрување и последователно доставување до Министерството за животна средина и просторно планирање на Северна Македонија.

| Константин Георгиевски | Рамиз Мерко | Зоран Ногачески |
|---|---|---|
| градоначалник на Охрид | градоначалник на Струга | градоначалник на Дебарца |

gef

UN environment programme

Republic of North Macedonia
Ministry of Environment and Physical Planning

IUCN